Октомври, 2025

ЗГ „Медиа плус“ - Штип

Тим на МП



# [ Документ со приоритети и препораки на граѓаните на Општина Штип во областите урбанистичко планирање, инфраструктура и заштита на животната средина ]

**ЗГ „Медиа плус“ – Штип**

**Проект: „Општина по мерка на граѓаните“**

**Документ со приоритети и препораки на граѓаните на Општина Штип во областите урбанистичко планирање, инфраструктура и заштита на животната средина**

Здружението на граѓани „Медиа плус“ од Штип во периодот мај – јули 2025 година организираше серија средби со граѓани, претставници на граѓански организации, претставници на политичките партии, бизнис секторот, млади, претставници на ЈП „Исар“ и општината. Овие активности е во функција на дефинирање на проблематичните делови од тематските области на проектот - урбанистичко планирање, инфраструктура и заштита на животната средина, како и потребите и предлозите за нивно унапредување.

Сите овие активности беа според утврдената Методологија на прашања и одговори, собирање на ставови и заклучоци, кои во сумирана форма се содржани во овој  документот со приоритети и препораки.

**<u>Главни наоди:</u>**

Зафаќањето на градско зеленило и узурпацијата на јавниот простор што им припаѓа на сите граѓани го проблематизираат граѓаните на Штип. Проблем се индивидуалните згради, кои стануваат станбени згради. Од одговорите, граѓаните реагираат и на тоа дека изградбата на новите градби се одвива без претходно соодветно да се организира јавна расправа или да се информираат граѓаните, пред се’ соседите кои се соочуваат со тешкотии во сообраќајот, делење на и заеднички простор.

Во проценти на онлајн прашалникот, 66,9% рекле дека одлуките за урбанистички промени се носат без вклучување на граѓаните, 41% рекле дека последните години нивниот микро простор претрпел промени, а 80% се загрижени за текот на урбанизацијата на градот. Од граѓаните кои одговориле, 83,8% никогаш не биле поканети на јавна расправа или консултација.

Најголема загриженост граѓаните на Штип имаат за внесување на згради во спортско – рекреативен дел, па дури и во паркови, узурпацијата на тротоарите од возилата, за што сметаат дека општината и јавно – комуналните претпријатија заедно со МВР - СВР Штип не си ја вршат својата надлежност. Бараат построги казни, одржување на зеленилото, повеќе паркови, и клучно  - подобро управување со отпадот.

Дел од луѓето со кои разговараме се пожалија на непријатен мирис, за кој сметаат дека доаѓа од градската депонија и непријатниот мирис, а 46,3 % сакаат веднаш да отпочне селекцијата на отпадот. Се забележува на сообраќајниот хаос и сметаат дека нема соодветна казнена политика.

Граѓаните немаат доволно информации за начинот и постапките за измените на Деталните урбанистички планови (ДУП) кои ги засегаат, а често не ни дознаваат кога на јавна расправа е ставен урбанистички план кој се однесува на нивниот реон.

Презентирањето на измените на ДУП-овите се нејасни за граѓаните, без доволно информации за тоа какви и каде точно се измените и какви ќе изгледаат на терен.

**Предлози:**

Првиот предлог **е формирање на тело од граѓани** во кои може да влезат претставници на граѓански организации, кои ќе присуствуваат на седниците на Советот на Општината Штип и на соодветните комисии, а по потреба ќе може да разговараат за појаснување со предлагачите и изготвувачите на материјалите. Потоа, овие информации на едноставен начин ќе ги претставуваат пред граѓаните. На тој начин, ќе се бидат достапни јасни и разбирливи информации за урбанистичките прашања, а граѓаните ќе може полесно да даваат свои предлози и сугестии.

Иако во Општината Штип има формирано Партиципативно теле во областа на урбанизмот, како што бара законот, тоа тело или не им беше познато на нашите соговорници или изјавија дека немаат информации за нивната работа. Поради тоа, како што сметаат, овој граѓански механизам што го предлагаат може значајно да ја подобри информираноста на граѓаните и нивното разбирање за промените што се прават.

Меѓу дадените предлози, кои се со адреса до централната власт, е и **законска измена во спроведувањето на јавни расправи за урбанистички измени**. Предлогот е да се направи рамка за пошироко информирање со јавни повици, кои ќе имаат пристап до поголема група на граѓани. Задолжително да е споделување на информациите и повиците на социјалните медиуми и интернет страната на општината. Исто така се бара и подолго време за јавна расправа и поедноставен начин на презентирање на измените.

Од одговорите на онлајн прашалникот, доставен до граѓаните на Штип, **83,8% одговориле дека никогаш не биле поканети на јавна расправа или консултација**. Доколку бидат поканети, би учествувале, одговорило мнозинството од учесниците.

Трет предлог е **да се донесе забрана за градење во зелени појаси**. Дополнително нешто што може да направи општината во овие области, е **зачувување на постоечките паркови и обврска на инвеститорите да создадат нов јавен простор**.

Четврти предлог е **проширување на линиите на јавниот превоз низ градот**, кој го сметаат за квалитативно подобрување на животот на граѓаните. Сепак, голем процент (83%) од тие што одговориле во онлајн прашалникот никогаш не користеле јавен превоз.

Петти предлог **да се воведе еколошка такса** за влез во центарот на градот.

**Недостасува промоција на автобускиот превоз**, зелени субвенции (за велосипеди, сончеви колектори, фасади), **поголема проактивност на општината** во делот на промовирање на сопствените политики преку **поинтензивна комуникација со јавноста**, стимулативни квизови и друг тип на игри, поголема транспарентност.

**Потребно е секојдневно информирање**, но не за активностите на градоначалникот, туку за тоа што прави општината преку нејзините сектори, услугите што ги нуди. При тоа да се користат сите канали на иформирање што ѝ се ставени – интернет страната и придружните социјални мрежи.

Да се **смени начинот на наводнување на зеленилото** со цел да не се троши водата за пиење – Во парковите во наводнувањето да се воведе системот капка по капка и/или да се наводнуваат со вода од бунарите од реката Брегалница.

**Приоритетни проекти:**

Што се однесува до приоритетите, од искажаното на средбите и во онлајн прашалникот, граѓаните и учесниците на активностите,  даваат приоритет на неколку проекти, на кои очекуваат да работи локалната власт во соработка со централната власт, а тоа е **изградба на Дом за стари лица, обезбедување на простор за млади, повеќе зелени површини и едукација за селекција и управување со отпад**.

**Зошто областите урбанистичко планирање, инфраструктура и заштита на животната средина?**

Во подготовката на овој проект, тимот на ЗГ „Медиа плус“ тргна од анализата на Државниот завод за ревизија (ДЗР): Урбанистичко планирање на зелената инфраструктура во градовите, каде меѓу 34-те општини, опфатена е и општина Штип.

Во оваа анализа е пренесен фактот дека Генералниот урбанистички план (ГУП) на Штип е донесен во декември 2022 година и е со плански период 2014-2029 година, а истиот се состои од 230 ДУП - ови, од кои донесени се само три. Пред донесувањето на ГУП - от донесени биле 297 ДУП-ови, кои се’ уште се применуваат.

Генералната забелешка на ДЗР за сите општини е дека изборот на урбанистички планови и проекти на општините кои ќе се финансираат од годишните програми за финансирање на урбанистички планови, донесени од Владата во периодот 2020-2024 година е извршен на нетранспарентен начин, без јавен повик, комисија и критериуми за избор, а средствата кои се предвидени не се доволни за финансирање на сите проекти. Од друга страна, недоволната информираност, заинтересираност и начинот на размислување на граѓаните за учество во постапките за донесување на урбанистички планови, како и финансирањето на плановите од страна на заинтересираните правни / физички лица со 48% во годишните програми на општините доведува до состојба на преовладување на приватниот над јавниот интерес.

„Ваквата состојба упатува на фактот дека општините немаат доволно финансиски средства за да финансираат изработка на урбанистички планови, а од друга страна законската можност приватни лица да финансираат урбанистички планови или измени на постојните го доведува во прашање јавниот интерес на граѓаните. Во просторот опфатен со урбанистичките планови, јавен интерес е уредувањето и хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и зачувувањето на природните и културните вредности на просторот. За јавниот интерес треба да се води грижа во сите фази од урбанистичкото планирање, односно во постапките на изработување, донесување, спроведување и следење на спроведувањето на урбанистичките планови. Со урбанистичкото планирање задолжително се штити јавниот интерес кој е приоритетен, додека приватниот интерес се обезбедува согласно со закон“, забележуваат ревизорите“, сметаат ревизорите од ДЗР.

Општините не обезбедуваат доволно средства за одржување на јавни зелени површини со оглед дека 80% од нив немаат донесено одлуки за наплата на надоместокот за одржување на зелени површини, 20-30% ги наплатуваат комуналните такси за користење на јавни зелени површини и поставување на рекламни паноа на зелени површини, додека 59% од општините не издвоиле средства за подигнување на нови зелени површини во периодот од 2020-2024 година.

Иако во ГУП на Штип се предвидени 16,9% зелени површини со намена Д, преку ЈКП „Исар“ од Штип се одржуваат 8,97 ха што претставува само 0,39% од површината на Генералниот урбанистички план од 2.292 ха.

Централната и локалната власт нема обезбедено ефикасен мониторинг и контрола, односно на изрекувањето на глоби спрема прекршителите, како и намалените износи на глобите за прекршоци, придонесува зеленилото да се уништува, да не се одржува и да не се заменува со ново зеленило.

Министерството за животна средина и просторно планирање не врши надзор над општините во делот на спроведувањето на законските одредби за урбано зеленило и не е обезбедено континуирано следење на состојбите и промените во просторот, од причина што годишните извештаи за степенот на спроведување на просторниот план на државата се изработени со нецелосни податоци за фактичката состојба, а во периодот од 2021 - 2024 година, воопшто не се изработуваат.

ДЗР забележува дека согласно законските одредби јавноста се вклучува во фазата пред усвојување на Нацрт планот со тоа што за урбанистичките планови за подрачја и градби од државно значење и генерален урбанистичкиот план се консултира и стручната јавност и се организира јавна презентација со јавна расправа која трае најмалку 30 до 90 дена.

„Повикот траба да се упати преку информацискиот систем е-урбанизам, на веб страната на Министерството за транспорт и врски и општината или општините на чии територии се простира планскиот опфат, електронски или печатни медиуми, како и на официјалните профили на социјалните мрежи на донесувачот на планот. Кај деталните урбанистички планови јавноста се вклучува преку организирање на јавна презентација и јавна анкета, а повикот до учесниците се упатува преку информацискиот систем е-урбанизам, на веб страната на општината, и се огласува на печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат. За јавната презентација, јавната расправа и јавната анкета треба да се изготви извештај со образложение за прифатените и не прифатените забелешки за урбанистичкиот план, од страна на стручна комисија, како составен дел на планот, а прифатените забелешки задолжително да се вградат во нацрт планот“, забележува ДЗР.

Од друга страна, недоволната информираност, заинтересираност и начинот на размислување на граѓаните за учество во постапките за донесување на урбанистички планови, како и финансирањето на плановите од страна на заинтересираните правни / физички лица со 48% во годишните програми на општините доведува до состојба на преовладување на приватниот над јавниот интерес.

„Од добиените податоци утврдивме дека јавноста изразува интерес најмногу за прашања што го засегаат приватниот интерес на секој поединечен граѓанин, а недостасува колективниот интерес

во делот на заштитата и влијанието врз животната средина. Недоследното спроведување на законските одредби кај дел од општините од аспект на формирање на партиципативно тело кое треба да ги претставува сите интереси и интересни групи, сложеноста на документите, недоволната информираност и свест на граѓаните и преовладување на индивидуалниот над јавниот интерес што упатува на потребата од зголемување на јавната свест за значењето на сите аспекти на урбанистичкото планирање", пишува ДЗР.

Овие наоди на ДЗР се само поинаква артикулација на ставовите и размислувањата на граѓаните, кои беа опфатени со разговорите на средбите со граѓаните и онлајн прашалникот.

Граѓаните очекуваат локалната власт на Штип, која од неодамна почна нов мандат, да ги земе во предвид нивните потреби, но и забелешките од извештајот на Државниот завод за ревизија.

**<u>Ставови на интервјуираните:</u>**

На територијата на општината Штип има неколку проблематични области за решавање: сообраќаен хаос, изградбата на нови згради, при што се издаваат маркици секаде, нема доволно зеленило, а и тоа што го има не се одржува доволно.

**Урбанистичко планирање и инфраструктура:**

Најголем проблем е зафаќањето на јавни површини. Не се знае што е јавна површина и има селективна правда во казнувањето. Да се намали изградбата на нови згради. Најпроблематичен дел е кога се одобрува изградба на згради беа обезбеден простор за паркирање и зеленило, но пред се' кога на местото на старите куќи во централното градско подрачје никнуваат мини згради, кои по пример на Скопје се така изградени што на соседите им се ускратува дневната светлина, јавниот простор и им се намалува квалитетот на животот. За изградбите на овие згради во соседството дознаваат кога ќе се огради градилиштето. Не се знае што се гради, градби никнуваат преку ноќ.

Поради изградбата на високи згради и трупањето згради во одделни делови од градот се изгуби типичниот штипски ветер, кој го проверуваше градот и се' почести се деновите со присутно загадување.

Во дел на урбанистичките планови како да нема планирање. Советодавното партиципативно тело за урбанистичко планирање не функционира – прашањето е и колку ги слушаат нивните совети?

Деталните урбанистички планови не се јасни и разбирливи. Дополнително на овој урбанистички неред му кумуваше Законот за легализација, кој водеше кон  узурпација на јавниот простор. Треба да се смени законот со кој се пропишува организирањето на јавната расправа при однесување на урбанистичките планови.  Недоволно планско просторно уредување – на пример Суитлакот наместо улици има велосипедски патеки. Узурпирани се не само тротоарите, туку и улиците за паркинг. Нема информации за ДУП-ови, отсуствува разбирливо презентирање на информациите за измени на урбанистичките планови.

Угостителските објекти се отвораат и работат без паркинг простор. Паркингот за возилата останува еден од топ 5 проблемите и приоритет за решавање. Заедничко делување на повеќе институции може да ја реши узурпацијата.

Пример, во Сутлакот иако е забранет сообраќајот бидејќи е пешачко рекреативна зона се води брзо и е загрозена безбедноста на пешаците. Дополнително, овој дел неофицијално станува станбена зона, во која не е решена инфраструктурата. Порано овој дел од градот имаше некој облик, сега не се знае во што се претвора. На микро локации има проблематични делови во Суталкот. Таков пример е градба во срцето на пешачко-рекреативната зона, никнува голема градба за која не се знае што е – приватна куќа, хотел, угостителски објект..? Се гради, а не се се зачувуваат парковите. Има опасност и треба да се заштитат спортските терени и зеленилото.

Најголем проблем за узурпација на тротоарите се поставуваат столпчиња, но тешко се прифаќаат промените и главно се уништуваат. Потребни се спортски игралишта, паркови, зеленило и нивно одржување. Приоритет да се даде на патишта, тротоари и осветлување во одредени делови од градот, како што е периферијата.

Сите заедно – општината,  МВР и јавните претпријатија треба да направат координирани акции на отстранување на погрешно паркирани возила, има и хаварисани возила кои стојат на тротоарите не со години, туку со децении. Пред се’ да функционираат комуналните служби.

Сообраќајните решенија не се соодветни. Погрешно е затворањето на улицата „Ванчо Прке“ во пешачка зона, кои изгледаат како да се решенија донесени во канцеларија. Во овие области да се искористи потенцијалот на експертите што ги има во градот и добро го познаваат.

Требаат храбри решенија, како забрана на движење на возила во строгиот центар и воведување на еколошка такса.

Потребно е изградба и реконструкција на тротоари и нивно ослободување од возилата.  Да се отстранат возилата, кои ги користат тротоарите за да паркираат, а пешаците остануваат на коловозот, а со тоа им е загрозена безбедноста.

Подобрување на: атмосферска канализација, но пред се’ треба да се подобрат тротоарите, потоа подобрување на системот на водовод и канализација, како и проблемот со  узурпацијата на јавните површини од страна на угостителските објекти.

**Автобуски превоз**: недостасуваат линии – има делови од градот што не се покриени, решен е проблемот на тие што вообичаено се возат со такси. Меѓутоа, недостасува поголема промоција на автобускиот сообраќај за да се влијае врз промената на навиките да се вози со кола во град и да се прави метеж во сообаќајот.

Автобусите се ретки и веројатно помасовно би се користел јавниот превоз доколку е почест и има повеќе линии низ цел град. Сите млади да имаат можност за бесплатен јавниот превоз.

Стар проблем без решение е што нема јавни тоалети.

**Одговори од онлајн прашалникот:**






Во однос на зафаќањето на јавниот простор, каде е најголемиот проблем?




Кои се вашите приоритети кога станува збор за заштита на јавниот простор во Штип?



На која од овие улични инфраструктури најчесто и недостига одржување?




Колку сте задоволни од тековното урбанистичко развивање на Штип?




**Животна средина:**

Има депонии, но слаба е општата хигиена во градот. На несоодветен начин е собирањето на ѓубрето, додека кај граѓаните треба да се организираат обуки и подигнување на свеста, додека институциите да ја зголемат контролата. При тоа, во оваа област нема казни.

Ставот е дека Регионалната депонија кај Свети Николе ќе го реши проблемот. Но, при тоа. регионалната депонија да не биде единствено решение што ќе се смета дека е завршена работа, туку тоа треба да го следи обука за селектирање на отпадот и да се почне со вежбање.

Нема организирано одделно собирање на отпад кој може да се рециклира, што би го олеснило рециклирањето и повторното користење. Нема систем за одделно собирање на посебни видови отпад, како што се гуми, отпадни возила, масла.

На прашањето дали би поддржале иницијативи за засадување дрвја и урбано зеленило во вашето маало, сите одговараат потврдно, иако не покажуваат свои иницијативи за организирање на акции. Сметаат дека треба повеќе зеленило во градот, но и да се одржуваат зелените површини и особено дрвата во летниот период и сушниот период.

Има неколку проблематични решенија во областа животна средина. Проблематично е бетонирањето на коритото на реката Отиња, кога многу земји во светот ги применуваат природните решенија за реките, особено тие што течат по централните градски подрачја. Паркот на Макфест е само бетон, за да се изгради овој парк, се уништи добро зеленило.

Во делот на пластичната амбалажа, поголемо субвенционирање од постоечкиот еден денар по шише може да ја намали пластиката по градот. Во делот на партнерството со „Пакомак" проблематично е одржувањето на системот на контејнери, кои не се празнат, а со тоа системот не функционира.

Недостасува подобро управување со отпад, за што треба да се инвестирање кај децата уште во почетните години од образованието. Општеството да се обучи за рециклирање на отпад. Во однос на селекцијата на отпад треба да се почне со обука и со поставување на канти за селектирање.

Проблем се диви депонии на делови од градот. Има диви депонии на 500 метри до населба. Во ромските населби има повеќе мали депонии, нема доволно контејнери, се прават и акции за чистење, но треба да има повеќе точки за собирање на отпад според густината на население. Пример – на пат кон Мирјанина црква има само 1-2 контајнери, а живеат меѓу 500-700 жители. Нема основна инфраструктура -  водовод и канализација.

За овој дел од градот треба нова водоводна мрежа и броила. Прво да се урбанизираат средините, решат малите деепонии и да почне да се изнесува отпадот.  Да се ангажираат инкасатори Роми. Со научен пристап воведување на селекција на отпадот во стопанството и кај домаќинствата. Да се чита и пресметува колку се собира отпад. Паралелно треба да се одвиваат повеќе активности – колку и да селектираме дома, на крја опдато завршува на исто место. Треба што помалку да се депонира. Отпадот не е во фокус, особено текстилниот отпад кој многу го имаме. Отпадот остава многу последици по здравјето. Во справувањето со овој проблем, само казните не се решение, треба да се воведе општествено корисна работа.

Преку издржана стратегија и јавна кампања да се менува менталитетот кај граѓаните, а јавните претпријатија треба да имаат сериозна и постојана кампања. Во спроведувањето на информативните кампањи никогаш не користат можноста за јавни презентации.

Став: **Најголем предизвик е да го одржуваме тоа што го имаме**. *Клучно: Да се смени менталитетот и поголема едукација.*

**Одговори од онлајн прашалникот:**






Колку често чувствувате непријатен мирис или видливо загадување на воздухот во вашето маало?




Какви се вашите очекувања во однос на узурпацијата на просторот?




Дали сте подготвени за селекција на отпад?



**Ставови за велоспедски патеки:**

Ако има велосипедска патека ќе има и повеќе користење на велосипеди, без оглед на познатата конфигурација на теренот. Доколку се размислува за изградба на велеосипедски патеки, ќе го поттикне користењето на овој еколошки превоз, доколку се дадат субвенции. Изградбата на мрежа за велосипеди треба, но не е приоритет.






**Информирање, транспарентност и учество во јавни расправи**

Недостасува непосредно учество на јавни расправи и редовни консултации со граѓаните, особено кога треба да се знае што каде ќе се гради. Граѓанските организации треба почесто да се консултираат за идеи и предлози.

Потребна е и поголема транспарентност на општината и нејзините иституции. Забелешката е дека граѓаните не се редовно информирани, или се информираат само преку социјалните мрежи. Делови од Штип имаат големи нееднаквости во пристап до еколошката правда. Прилично се изгради и уреди градот, но од брзање, нема транспарентност и граѓански консултации.

Предлог: Од редовите на активните граѓански организации да се предложат членови на тело кое постојано ќе ги следи иницијативите и расправите за точки за урбанизам и да ја информираат јавноста. Ова тело да има обврска постојано да изготвуваат информации до граѓаните и да ги пласираат во јавноста.

**Одговори од онлајн прашалникот:**

Дали некогаш сте биле поканети да учествувате во јавна расправа, анкета или консултација поврзана со урбанистички или еколошки проект во Штип?




Дали сметате дека сите делови од Штип имаат еднаков пристап до еколошка и инфраструктурна правда (зелени површини, чист воздух, безбедна инфраструктура)?



Какви се вашите очекувања во однос на узурпацијата на просторот?




Каков пристап имате до информации за урбанистичко планирање во Штип?




Во која форма би сакале најмногу да учествувате во донесување локални одлуки?



**Климатски промени – потребна е акција**

Источна Македонија, каде се наоѓа Штип, според прогнозите до 2050 година ќе стане пустина со сува и пустинска клима како на островот Пелопонез. Со промената на климата ќе има појава на тропски болести и инсекти кои до сега не ги знаевме. Потребни се благовремени мерки и активности за подготовка и справување со климатските промени.

Да се подготви градот Штип за климатските промени и нивните последици. Граѓаните дадоа неколку препораки:

-Кога се пошумува, да се садат дрвја со големи крошни, а кај нас три четвртини се чемпреси и нискостеблести дрвја што лесно се палат. Сите нискостеблести површини да се заменат со дрвја до широки крошни со што се намалуваат ефектите од високите температури и микролокациите од тнр. температурни бомби  - кога ќе зајде сонцето ефектот трае уште две часа)

-Примена на мерки за ладење - имаме три месеци со тропски ноќи со температури кои не паѓаат под 20 степени, што силно се одразува по здравјето на луѓето.

-Воведување на е поинаков систем на поливање на зеленилото.

-Бунарскиот систем се напушти, а требаше да остане алтернативен систем на водоснабдувањето, кој би се одржувал преку алтернативен енергетски систем на фотоволтаици.

-Зголемување на површините под зеленилото во градот, а дополнително да се пошумуваат голините во околината на градот.

-При примената на мерките да има задолжителна консултација со стручњаците, кои повеќе не се почитувуваат. Задолжените за донесување и примена на мерките не се едуцираат за новините кои содржат применети методи на справување со климатските промени.

Тим на ЗГ „Медиа плус„ – Штип

Октомври, 2025 година